ОПШТИНА БИТОЛА

Врз основа на член 4, член 7 и член 29 од Законот за даноците на имот („Службен весник на РМ“ бр. 61/2004; 92/2007; 102/2008; 35/2011; 53/2011; 84/2012; 188/2013; 154/2015; 192/2015 и 23/2016 и „Службен весник на РСМ“ бр. 151/2021), Општина Битола истакнува:

# **Ј А В Н А   П О К А Н А**

**за поднесување на даночна пријава за утврдување на данок на имот за 2024 година**

Даночна пријава за утврдување на данок на имот за 2024 година поднесува даночен обрзник (правно и физичко лице) за недвижен имот и тоа земјишта (земјоделски, градежни, шумски и пасишта) и едностанбени и повеќестанбени објекти за домување, гаражи, деловни згради и деловни простории, други објекти како и инсталациите подигнати врз нив или под нив и трајно споени со нив, односно за:

1. Имотот што го стекнал, почнал да го користи или добил одобрение за употреба од надлежен орган во текот на 2023 година, а за кој нема поднесено даночна пријава, односно даночен обврзник е физичко и правно лице кое е сопственик на недвижен имот, корисник на недвижен имот (во случај кога сопственикот не е познат или не е достапен) или пак плодоуживател на имотот согласно закон. Ако имотот е во сопственост на повеќе лица, секој од нив е обврзник на данокот на имот сразмерно на сопственичкиот дел. Даночна пријава поднесува и физичко и правно лице кое е корисник на недвижен имот во сопственост на државата и општината;
2. Имотот кај кој настанала промена во сопственоста (отуѓување и сл.);
3. Имотот кај кој настанала промена во вредноста (доградба, надградба, довршување, проширување и сл.), а која е од влијание за утврдување на даночната обврска;
4. Имотот за кој е утврден правен статус согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти (легализирани објекти);
5. Сите правни и физички лица кои поседуваат имот што се оданочува, а кои до 2023 година не поднеле пријава за утврдување на данок на имот.

**НАПОМЕНА:** На даночните обврзници кои нема да поднесат даночна пријава во рокот предвиден со оваа јавна објава, ќе им се изрече глоба за сторен прекршок согласно член 90 од Законот за даноците на имот.

Даночен обврзник кој еднаш поднел даночна пријава за данок на имот, а кој нема промени во сопственоста или вредноста на имотот, односно нема промени на податоците содржани во претходно поднесената даночна пријава кои се од влијание на висината на даночната обврска, не поднесува нова даночна пријава.

**Даночна пријава се поднесува до Општина Битола – Сектор за финансиски прашања, Одделение за администрирање на приходи, најдоцна до 31 јануари 2024 година.**

**ОПШТИНА БИТОЛА**